Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

рег. бр. 16.1.2-431/3

Скопје 03.04. 2023

До

**Предмет: РЕШЕНИЕ за одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

Министерството за внатрешни работи, врз основа на член 14, 20, 21 и 24 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер("Сл.в. на РСМ„ бр.101/2019), а согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер("Сл.в.на РСМ„ бр.60/20), во врска со Барање од со бр.16.1.2-431/1 од 17.03.2023 година, го донесе следното,

РЕШЕНИЕ
**за одговор на барање за слободен пристап до бараната информација**

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, со бр.16.1.2-431/1 од 17.03.2023 година, **по извршените проверки во надлежните организациски единици и согласно податоците со кои располагаме**, Ве известуваме за следното:

Во членот 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на Република Македонија" бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18, 191/18) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19 и 302/20), дефинирани се изразите односно поимите кои се користат во законот, па во таа смисла во точката 45 е дадена дефиниција за „пешачка патека" односно истата преставува дел од пат наменет за движење на пешаци. Во наведениот закон не постои посебен израз за дефинирање на „патека за трчање" што укажува дека не постојат посебни сообраќајни површини (во јавниот сообраќај) кои би биле наменети исклучиво за трчање на лица. Во член 145 став (3) од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ број 225/20), дефинирани се


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

елементите на пешачките патеки кои се користат при планирањето односно при изработката на урбанистичките планови, и во истиот правилник не постои посебен израз односно дефинирање на елементи за планирање на „патеки за трчање".

Врз основа на погоренаведеното може да се заклучи дека, бидејќи не постојат со закон односно подзаконски акт дефинирани посебни „патеки за трчање", не се пропишани и сообраќајни знаци за означување на вакви сообраќајни површини.

Напоменуваме дека во постојниот Правилник за сообраќајни знаци, опрема и сигнализација на пат (Сл.весник на РСМ број 174/20), предвиден е сообраќаен знак 251 „патека за пешаци" за означување на посебно изградена пешачка патека по која треба да се движат пешаците.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до Министерство за внатрешни работи.

По добивањето на барањето од страна на Одделот за односи со јавност и стратешки прашања беше доставено до Одделот за униформирана полиција при Бирото за јавна безбедност, од каде добиениот одговор му го доставуваме на барателот.

**Правна поука**: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Изработил: Јован Пешевски**
**Контролирал: Сузана Прањиќ Талевска**
**Одобрил: Наталија Спирова**

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
**Тони Ангеловски**